**БАРАЊЕ 23-5055**

1. Дали општината го има донесено предлог-планот на програми за развој за фискалната 2024 година во законскиот рок?
2. Дали предлог-планот на програми за развој за фискалната 2024 година е објавен на вебстраницата на општината?
3. Дали може да се најде предлог-буџетот на општината за 2024 година (доставен до Советот на општината) на веб-страницата на општината?
4. Дали граѓанскиот буџет за 2024 е ажуриран и објавен по изгласување на ребаланс/ите на буџетот?
5. Доколку граѓанскиот буџетот за ребалансот/ите на општината е/се објавен/и, кои делови ги опфаќа/ат?
6. Дали на веб-страницата на општината е објавен последниот ревизорски извештај на буџетот на општината?
7. Дали општината организирала јавна трибина на која ја претставила завршната сметка, односно реализацијата на буџетот за 2024година?
8. Дали општината објавила извештај за реализација на средствата планирани во тековната и постојана резерва на буџетот за 2024 година, односно ги објавила намените за кои се реализираа овие средства?
9. Дали според завршната сметка за 2024 година, општината ги реализирала програмите за финансирање на маргинализираните групи?
10. Дали општината ги објавила проектите кои ги спровела во 2024 година, а се насочени кон надминување на родовите разлики во општината?
11. Дали општина користела социјални мрежи/веб-страница за да добие предлози од граѓаните за буџетот во 2024 година?
12. Дали општина во 2023 година организирала јавна трибина на која граѓаните имале можност да дадат предлози за предлог-буџетот за 2024 година?
13. Дали општината објавила листа на добиени предлози од страна на граѓаните за буџетот за 2024 година на својата веб-страница?
14. Дали општината ги објавила проектите и иницијативите кои дошле од граѓаните и биле внесени во Буџетот за 2024?
15. Дали општината го испитувала јавното мислење (спроведувала анкета) за конкретни предлози (проекти) за предлог-буџетот за 2024 година?
16. Дали општината има пропишани процедури за вклучување на граѓаните во процесот на планирање на буџетот?
17. Дали општината во 2023 организирала средба/и со маргинализирани групи на нејзината територија со цел утврдување на потребите на овие групи и можностите за нивно финансирање со буџетот за 2024 година?
18. Дали буџетот на општината за 2024 година содржел програма за финансирање на маргинализи- рана/и група/и?
19. Дали општината има родово одговорни индикатори во буџетските програми за 2024 година?
20. Дали општината го има јавно објавено Етички кодекс за избрани и именувани лица на својата веб-страница?
21. Дали општината го има јавно објавено Политика на интегритет на својата веб-страница?
22. Дали општината го има јавно објавено Правилник за спречување и управување со судир на интереси на својата веб-страница?
23. Дали општината го има јавно објавено Годишни извештаи за спроведување на антикорупциските политики на својата веб-страница?

24. Дали на веб-страницата на општината постои посебен линк за заштитено пријавување во општината и посебен линк за заштитено пријавување кај други надворешни канали (Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство или Народниот правобранител)?

25. Дали општината води регистар на подароци, гостопримства и погодности кој го доставува до ДКСК?

26. Дали општината го има објавено регистарот на подароци, гостопримства и погодности кој го доставува до ДКСК?

Дали на веб-страницата на општината има посебен дел каде се објавува дали и како се постапува по пријава за корупција?

**ОДГОВОР 23-5055**

1. Да, општината го има донесено предлог планот на програми за развој за фискалната 2024 во законски рок.
2. Не, предлог планот на програми за развој за фискалната 2024 година не е објавен на веб страната, но на веб страната на општината, во Службен Гласник бр.42 од 17.11.2023 год. е објавен Заклучок за одобрување на План на Програми за развој на Општина Кавадарци за 2024 година. Службениот Гласник може да го најдете на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/sluzhbeni-glasnici
3. Не, предлог буџет нема објавено, но на веб страната на општината е објавен буџет за 2024 година на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/budet-na-opstina-kavadarci-za-2024-godina
4. На веб страната на општината објавен е граѓански буџет на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/graganski-budet-2024 , но не е објавено негово ажурирање.
5. Не се објавени.
6. На веб страната на општината објавен е ревизорски извештај за Општина Кавадарци за 2018 година на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/revizorski-izveshtaj-za-opshtina-kavadarci-za-2018-godina
7. Не е организирана јавна трибина за завршната сметка за реализација на буџетот за 2024, но истата е објавена е на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/zavrshna-smetka-2024
8. Тековните резерви се прикажани во Годишен извештај за 2024 година, а истиот е објавен на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/finansii/godishen-izveshtaj-2024-godina
9. Според завршната сметка за 2024 година, општината ги реализира програмите за финансирање на маргинализираните групи, односно лицата во социјален ризик, жртви на семејно и родово базирано насилство, лица со инвалидитет, лица од Ромска популација и други.
10. Проектите кои се спроведени во 2024 година, а се насочени кон надминување на родовите разлики во општината не се објавуваат на веб страната на општината, се објавуваат на профил на социјалните мрежи на Комисијата за еднакви можности.
11. Да, објавени се средбите и јавните расправи на Градоначалникот и службите на општината со граѓаните во месни и урбани заедници со цел прибирање на предлози од граѓаните, како дел од постапка за донесување на буџетот и тоа на социјалните мрежи Facebook и Instagram на следните линкови
https://www.facebook.com/MitkoJanchev/?locale=mk_MK
https://www.facebook.com/opshtinakavadarci/?locale=mk_MK
https://www.instagram.com/mitko_janchev/

12. Да, во 2023 година организирани се Јавни расправи или трибини, на кои Градоначалникот заедно со службите на општината организираат средби со граѓаните во сите месни и урбани заедници , каде што се даваат предлози од страна на граѓаните, за комунална изградба и други предлози и барања од страна на граѓаните , кои претставуваат дел од постапка за донесување на буџетот за 2024 година.
13. Објавени се молби/барања од месни/урбани заедници и записници од оддржаните состаноци со истите на веб страната на општината на следниотлинк https://kavadarci.gov.mk/informacii/otvoreni-podatoci
14. Не, не се објавени.
15. Не се спроведени анкети, но спроведени се јавни расправи со месни и урбани заедници, со цел конкретни предлози за предлог буџет.
16. Општината има пропишано статутарна одлука, врз основа на која граѓаните земаат јавно учество во единиците на локалната самоуправа, но посебна пропишана одлука за вклучување во процес на планирање на буџет нема.
17. Да, организирани беа средби со родители на ученици со попреченост во врска со програмата на ОКР за обезбедување на лични асистенти на учениците. Општината обезбеди кофинансирање на оваа мерка во рамки на Програма на УНДП со цел секој средношколец со попреченост да има личен асистент. Организирани беа средби со жени од рурални средини кои немаат пристап.
18. Да, во рамки на повеќе програми на Општина Кавадарци и во буџетите има финансирање на маргинализирани групи на луѓе, односно во рамки на програмата за Социјална заштита има предвидено буџет за егзистенција за лица во социјален ризик, еднократна парична помош за лекување, новороденче и жртви на семејно насилство. Во рамки на програмата за јавно зеленило постои финансирање за ангажирање на волонтери, односно лица со ниски квалификации кои се вклучуваат во оддржување на зеленилото и хортикултурата во општината. Посебна програма за финансирање на маргинализирани групи во локалната заедница не содржи буџетот на Општина Кавадарци.
19. Родово одговорни индикатори има во Програмата за еднакви можности на Општина Кавадарци.
20. Да, на веб страната на општината има објавено Етички кодекс на локални функционери на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/etichki-kodeks-na-lokalnite-funkcioneri.pdf
21. Да, објавена е Политика на интегритет на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/public/wp-content/uploads/Политика-на-интегритет.pdf
22. Не, не е објавен Правилник за спречување и управување со судир на интереси.
23. Не, нема објавено Годишни извештаи за спроведување на антикорупциски политики.
24. Не, не постои посебен линк за заштитено пријавување во општината ниту кај други надворешни канали, но објавено е овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување во општината, правилници и упатство и тоа на следниот линк https://kavadarci.gov.mk/opstina/zastita-na-ukazuvaci
25. Да, општината води регистар на подароци, гостопримства и погодности.
26. Не, не е објавен регистарот на подароци, гостопримства и погодности.
    На веб страната на општината е објавен План за превенција од корупција на следниот линк
    https://kavadarci.gov.mk/sites/default/files/alfa/doc/plan-konecen.pdf